Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14-та седница одржана на 03.05.2023 година, во врска со Предлогот бр.03-1951/1 од 28.04.2023 година за поведување прекршочна постапка на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1931/1 од 27.04.2023 година на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ и утврди прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 11 април 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-1946/3

04-05-2023 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**